| | | |
|---|---|---|
| ISO 9001 : 2015 | АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА | ФК 5.2-1 |
| | | Верзија: 1 |
| | ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ | Дата: 07.03.2018 |

- **Апелационен суд Битола се залага за доследно почитување на принципот на владеење на правото и заштитата на индивидуалните и колективните слободи и права.**
- **Апелациониот суд Битола се залага за навремено и квалитетно решавање на предметите во надлежност на судот.**
- **Апелационен суд Битола се стреми да ја подигне довербата на граѓаните во правосудните институции, преку обезбедување на независно, непристрасно, високо професионално, ефективно и ефикасно судство, почитување на начелата на јавност, транспарентност и не дискриминација по било кој основ, за побрз пристап до правдата.**
- **Апелациониот суд Битола доследно ги спроведува одредбите од материјалните и процесните закони и нивните подзаконски акти, Законот за судовите, Законот за судска служба и Судскиот деловник.**
- **Апелациониот суд Битола ги применува ратификуваните меѓународни акти, како и конечните извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, Меѓународниот казнен суд или друг суд чија надлежност ја признава Република Македонија, согласно одредбите на чл.18 ст.4 и 5 од Законот за судовите.**
- **Апелациониот суд Битола дава правна помош на подрачните основни судови**
- **Апелациониот суд Битола изготвува БИЛТЕН во кој се запишани сентенци, заклучоци анализи информации и друго кои ќе помогнат во правилна примена на правото.**
- **Апелациониот суд Битола врши контрола на работата на самиот суд, како и работата на подрачните основни судови преку извештаи за работа на судот и основните судови, посебно за причините за старите не решени предмети, низ посетите на основните судови како и при решавањето на конкретните предмети во жалбена постапка.**
- **Апелациониот суд Битола организира средби и советувања со подрачните основни судови во врска со работата на судиите, средби на ниво на апелациони судови за уредување на судската пракса, со Врховниот суд на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Здружението на судии во врска со едукацијата на судиите и судската администрација, како и со адвокатите, извршителите и државните органи.**
- **Апелационен суд Битола се стреми навремено да ги идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет.**
- **Апелационен суд Битола се стреми да одржува тим од висококвалификуван и мотивиран кадар, свесен за важноста на своите дејствија, при што се остварува непречена, навремена и точна комуникација и дистрибуција на знаење.**
- **Апелационен суд Битола го поддржува Системот за Управување со Квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015. Во врска со тоа извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на работењето.**
- **Претседателот на Апелационен суд Битола, Судскиот администратор и Претседателите на одделите обезбедуваат мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели.**
- **Претседателот на Апелациониот суд Битола, Судскиот администратор и Претседателите на одделите периодично вршат контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.**

**Битола, 07.03.2018 г.**

**Претседател**

**Елизабета Манели Ташевска**